**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 22 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на xx јули 2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2024 на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје

1. На Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на дејноста производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, во износ од 44.000.182 денари, за произведена количина на топлинска енергија од 8.086.604 kWh на ниво на производител и испорачана количина на топлинска енергија од 7.036.026 kWh, на ниво на мерно место.
2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа одлука, а согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија" 65/19 и 219/19 и „Службен весника на Република Северна Македонија" бр.19/22, 197/22 и 226/23), се одобруваат следните тарифни ставови за снабдување со топлинска енергија на ниво на мерно место и тоа:

| Ред. бр. | ТАРИФНИ СТАВОВИ | Единица мерка | износ |
|---|---|---|---|
| | **КАТЕГОРИЈА ДОМАЌИНСТВА** | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 1.213,7981 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 2,8464 |
| | **КАТЕГОРИЈА ОСТАНАТИ** | | |
| 1. | Ангажирана топлинска моќност на ниво на мерно место | ден/kW/година | 2.427,5962 |
| 2. | Топлинска енергија на ниво на мерно место | ден/kWh | 5,6929 |

3. Релативниот однос на тарифните ставови помеѓу категориите на потрошувачи „домаќинства : останати" е утврден да изнесува 1 : 2.
4. Тарифните ставови од точка 2 од оваа одлука ќе се применуваат за грејната сезона 2024/2025 година.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", се објавува и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 август 2024 година.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје (во понатамошниот текст ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје), согласно Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги (во понатамошниот текст: Правилник) на 31 мај 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) достави Барање за одобрување на максимален приход за регулирани дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2024 година, заведено под архивско број УП1 бр.08-318/24 од 31 мај 2024 година (во натамошниот текст: Барање).

На 4 јули 2024 година ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје достави Дополнување на Барањето за одобрување на максимален приход за регулирани дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2024 година. Кон Барањето, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје ја достави потребната документација согласно со Правилникот.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 од Правилникот за регулирање на цени за топлинска енергија и системски услуги на 7 јуни 2024 година го објави известувањето во врска со Барањето за одобрување на максимален приход за регулирани дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2024 година на ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје на веб страната на Регулаторната комисија за енергетика.

По објавеното известување, во рокот утврден во Известувањето, до Регулаторната комисија за енергетика не беа доставени мислења и предлози од страна на заинтересирани правни и физички лица.

Регулаторната комисија за енергетика на 26 јули 2024 година на својата веб страница ја објави Предлог одлука за одобрување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2024 година на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје и ги повика сите заинтересирани страни да достават свои сугестии, забелешки и предлози.

Во согласност со Правилникот, Регулаторната комисија за енергетика со Решение број 02-1369/1 од 26 јули 2024 година свика подготвителна седница на 29 јули 2024 година на која предмет на разгледување беше оваа Предлог Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија и тарифни ставови за 2024 година на Друштвото за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје.

На 29 јули 2024 година се одржа подготвителна седница на која беа поканети: членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ Производство на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје, ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Подружница Енергетика, ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, претставник од АД АДОРА, претставник од кабинет на Претседател на Владата на Република Северна Македонија, претставник од Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Градоначалник на Град Скопје, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Министерство за финансии, претставник од Комисијата за заштита на конкуренција, претставник од Стопанска комора на Македонија, претставник од Стопанска комора на северо-западна Македонија, претставник од Сојуз на стопански комори на Македонија, претставник од Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.
По однос на предлог – одлуката не беа доставени забелешки од страна на заинтересирани правни и физички лица.

**Податоци од барањето**

Според податоците содржани во барањето ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје бара регулираниот максимален приход за 2024 година да изнесува 56.690.125 денари за произведена количина на топлинска енергија од 9.434.328 kWh на ниво на производител.

Во следната табела даден е преглед на трошоците (оперативни трошоци, амортизација и трошоци за гориво) и регулираниот максимален приход за 2024 година, кои ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје ги презентира во барањето:

| | **Оперативни трошоци** | **2024 година** |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар | 5.797.921 |
| 2 | Трошоци за тековно одржување, ремонт и услуги за одржување | 539.143 |
| 3 | Трошоци за осигурување на градежни објекти и Опрема | 226.988 |
| 4 | Бруто плати | 9.313.551 |
| 5 | Менаџерски плати и менаџерски награди | 1.193.677 |
| 6 | Други услуги | 3.115.536 |
| 7 | Останати и вонредни трошоци | 746.455 |
| 8 | Пренесени трошоци | 289.041 |
| 9 | **Амортизација** | **4.819.101** |
| **I** | **Вкупно Оперативни трошоци** | **26.041.413** |
| **II** | **Трошоци за гориво** | **32.605.536** |
| **III** | **Вкупно трошоци** | **58.646.949** |
| **IV** | **Принос на капитал – (RA)** | **0** |
| | **МАРЖА** | **0** |
| | **Просечен RAB** | |
| | **WACC %** | |
| **V** | **Регулиран максимален приход – MAR** | **56.690.125** |

**Анализа на Регулаторната комисија за енергетика**

Регулаторната комисија за енергетика во согласност со Правилникот започна постапка за одобрување на регулиран максимален приход и тарифни ставови за 2024 година за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија. За таа цел Регулаторната комисија за енергетика изврши анализа на доставените податоци и информации на ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје, како и на целокупната документација со која располага Регулаторната комисија за енергетика во врска со дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2024 година, врз основа на што ја изготви оваа одлука.

При анализата на доставените податоци за 2024 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди следното:

1. Трошоците за материјали, резервни делови и ситен инвентар се пресметани согласно остварените трошоци во 2023 година, зголемена за стапката на инфлација од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија). Вкупните одобрени трошоци за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар изнесуваат 5.764.504 денари;
2. Трошоците за тековно одржување се прифатени согласно податоците од барањето и истите

износуваат 539.143 денари;

3. Трошоците за осигурување се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 226.988 денари;
4. Трошоците за бруто плати се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 9.313.551 денари;
5. Трошоците за менаџерски плати и награди се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 1.193.677 денари;
6. Трошоците за други услуги се пресметани како просек согласно оствареното за оваа група на трошоци во периодот од 2019 до 2023 година година зголемени за стапката на инфлација од 3,5% (согласно податоци од Народна банка на Република Северна Македонија) и истите изнесуваат 1.090.539 денари;
7. Трошоците од категоријата останати и вонредни трошоци се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 746.455 денари;
8. Пренесените трошоци се прифатени согласно податоците од Барањето и истите изнесуваат 289.041 денари.
9. Трошокот за амортизација за 2024 година се признава на ниво од 20% од податоците од Барањето, повторно пресметана и истата изнесува 948.340 денари.

Оперативните трошоци за дејностите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија на ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД - Скопје за 2024 година изнесуваат 18.874.857 денари, а вкупните трошоци со амортизација и пренесени трошоци изнесуваат 20.112.238 денари.

Трошоците за набавка на гориво за производство на топлинска енергија за 2024 година се предвидени да изнесуваат 23.887.943 денари, за вкупна произведена количина на природен гас од 8.086.604 kWh.

За периодот јануари – април се одобрени 4.351.652 kWh природен гас земајќи ги во предвид одобрените топлински загуби во дистрибутивната мрежа на ниво од 12% и коефициентот на ефикасност на топланата согласно на реализацијата. Одобрената цена на природен гас за овој период е добиена како просечна месечна продажна цена на горивото на пазарот во Република Северна Македонија.

Прогнозираната количина на природен гас која ќе се потроши за период октомври-декември е пресметана да изнесува 4.758.226 kWh за 8.5MW конзум при што прогнозираната цена за набавка на природниот гас е согласно фјучерсите на TTF берзата со вклучени трошоци за пренос, балансирање и маржа, со што прогнозираниот трошок за набавка на природниот гас изнесува за периодот октомври-декември 12.790.071 денари.

По извршената анализа регулираниот максимален приход за 2024 година на ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД – Скопје се одобрува во износ од 44.000.182 денари.

Имајќи го во предвид напред наведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука, може да се поведе Управен спор, во рок од 30 дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**УП1 Бр.08-318/24**
**xx јули 2024 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**